**СОВЕТ НА ГРАД СКОПЈЕ**

**ПРЕДЛАГАЧ:** Градоначалник на Град Скопје

**ИЗГОТВУВАЧ:** Сектор за планирање и уредување на просторот

**ПРЕТСТАВНИК:** Александар Јанакиески
Помошник Раководител на Секторот за планирање и уредување на просторот

ПРЕДЛОГ-ОДЛУКА
за воспоставување меѓуопштинска соработка помеѓу Град Скопје и Општина Бутел за реконструкција на улица “Скоевска” во населба Радишани, Општина Бутел

Скопје,март 2022 година

ПРЕДЛОГ

Врз основа на член 36 и член 14 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ број 5/02),а во врска со член 4 од Законот за меѓуопштинска соработка („Службен весник на Република Македонија“ број 79/09), Советот на Град Скопје на __________ седница, одржана на _______2022 година, донесе

# О Д Л У К А

## за воспоставување меѓуопштинска соработка помеѓу Град Скопје и и Општина Бутел за реконструкција на улица “Скоевска” во населба Радишани, Општина Бутел

### Член 1

Со оваа одлука се воспоставува меѓуопштинска соработка помеѓу Град Скопје и Општина Бутел и се уредува начинот, условите, финансирањето и други прашања заради остварување на заедничка цел и интерес за финансиско учество за реконструкција на улица “Скоевска” во населба Радишани, Општина Бутел.

### Член 2

Проценетата вредност за реконструкција улица “Скоевска” во Општина Бутел , од член 1 на оваа Одлука, изнесува 23.946.455,00 денари со вклучен ДДВ.

Градот Скопје во остварувањето на оваа соработка ќе учествува со финансирање на реконструкцијата на постоечката асфалтна и бетонска констукција, на улица “Скоевска” од член 1 на оваа Одлука, со средства обезбедени од Буџетот на Град Скопје за 2022 година, Програма ЈДА, ставка 482, подставка 482130, во висина од 23.946.455,00 денари, со вклучен ДДВ.

Општина Бутел во остварувањето на оваа соработка ќе учествува со изработка на техничка документација и решавање на евентуалните имотно правни односи.

Средствата од став 1 и 2 на овој член, ќе се користат исклучиво за намената од член 1 на оваа Одлука, согласно прописите со кои се уредува изградбата на таков тип објекти.

### Член 3

За реализација на оваа одлука градоначалникот на Градот Скопје ќе склучи договор со градоначалникот на Општината Бутел, со форма и содржина пропишана со Законот за меѓуопштинска соработка.

Член 4

Оваа одлука влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на Град Скопје“.

Број __________
________ 2022година
Скопје

ПРЕТСЕДАТЕЛ
НА СОВЕТ НА ГРАД СКОПЈЕ
Проф. д-р Трајко Славески

# О Б Р А З Л О Ж Е Н И Е

Правен основ за донесување на оваа Одлука е членот 36 и членот 14 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“број 5/02), и член 4 од Законот за меѓуопштинска соработка („Службен весник на Република Македонија“ број 79/09), согласно кои Советот на ГрадотСкопје е надлежен за донесување на одлука за воспоставување на меѓуопштинска соработка заради остварување на заеднички интереси и вршење на заеднички работи од надлежност на општините. За остварување на заеднички интереси и цели во вршењето на надлежностите, општините здружуваат финансиски и материјални средства. Одлука за воспоставување на меѓуопштинска соработка донесува секој од советите на општините. Поаѓајќи од таквата можност а аргументирана од страна на Градот Скопје и Општината Бутел како проект во рамките на редовна стручна соработка, го оценуваат како еден од заедничките приоритети.

Врз основа на проценка извршена од страна на изработувачот на проектната документација, констатирано е дека за реализација на реконструкција на улица “Скоевска” во населба Радишани, Општина Бутел потребни се 23.946.455,00 денари со вклучен ДДВ.

Средствата потребни за реализација на оваа одлука, Град Скопје ќе ги обезбеди од Буџетот на Град Скопје за 2022 година.
За реализација на реконструкција на улица “Скоевска” во населба Радишани, Општина Бутел, Град Скопје ќе распише јавна набавка за избор на најповолен изведувач.
Врз основа на горенаведенето, се предлага Советот на Град Скопје да ја донесе предложената Одлука.